

КОАЛИЦИЈА KOALICIONI KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство: Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


Јули, 2020

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ПАНЧЕВСКИ“ КБР.242/19

На 10.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетиот и неговиот бранител. Судот на обвинетиот му определи мерка притвор во траење од 30 дена.

На 24.07.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше изнесена содржината на обвинителниот предлог од страна на јавниот обвинител. Главната расправа беше прекината по барање на одбраната бидејќи не им се доставени доказите од јавното обвинителство.

На 27.07.2020 година, на рочиштето за главна расправа започна доказната постапка и беа испитани 4 сведоци предложени од страна на јавното обвинителство. Одбраната на обвинетиот поднесе барање за изземање на судијата кој што го суди предметот и на Претседателот на Основниот суд во Велес, па поради тоа главната расправа беше прекината.
На 28.07.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани 4 сведоци на предлог на јавниот обвинител.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 03.07.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на 4 сведоци предложени од страна на јавниот обвинтел.

## „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 07.07.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 14.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на сведок повикан од страна на јавниот обвинител.

## „27ми април - ОРГАНИЗАТОРИ“ КОК-2/20

На 10.07.2020 година во фаза на доказна постапка се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 10.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 03.07.2020 година, на рочиштето за главен претрес беше испитан еден сведок повикан од страна на застапникот на обвинението.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 13.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 06.07.2020 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ПИНО СЕКОНДО“ КБР.1878/19

На 01.07.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката.

На 13.07.2020 година, на рочиштето беше јавно објавена пресудата по овој предмет. Судот донесе осудителна пресуда и изрече казна ефективен затвор во траење од 19 години.

### „МАРИГЛЕН“ КБР1271/16

На 02.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на странките во постапката.

### „ТАЛИР 2“ КБР.1413/19

На 10.07.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 14.07.2020 година, се продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

### „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На 16.07.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани вкупно 4 сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ЛАСКАРЦИ “ КБР.1407/19

На 06.07.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вешто лице.

На 13.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради изолација на еден од обвинетите.

### „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20

На 01.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради поднесено барање за иземање од страна на обвинетите и одбраната за застапникот на обвинението.

На 21.07.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од страна на јавниот обвинител и дел од одбраната.

На 23.07.2020 година, на рочиштето за главна расправа, воведни говори беа дадени од дел од обвинетите и нивните бранители.